# НЕКОЛКУ СТРАТЕГИИ ЗА МОТИВИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕЊЕ МАТЕМАТИКА

*Даниела Стојановска*
*ООУ„Христијан Карпош“, Куманово*
e-mail: dani_hrst@yahoo.com

Од мотивираноста на учениците за потполна мисловна активност зависи дали и колку ќе се оспособат за систематско унапредување на математички знаења и вештини. Затоа, една од задачите на наставникот е постојано да поттикнува развој на внатрешна мотивација и зголемен интерес на учениците за предметот, наставната содржина, училишната и домашната работа.

Овој труд содржи неколку наставни стратегии кои придонесуваат за емоционално ангажирање на учениците во создавање на позитивна средина за учење и напредување.